Совет на Општина Делчево
Број 09- 953 /2
13.04.2023 година
Делчево

# ЗАПИСНИК
## од одржаната 22.седница на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на 13.04.2023 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почеток во 18:00 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Советот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 22.седница на Советот на Општина Делчево, го предложи следниот

## Дневен ред

1. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар и движни ствари-опрема „Градски пазар во Општина Делчево-отворен и затворен дел“ на ЈКП „Брегалница“-Делчево;
   **Образлагач:** Ивана Ивановска-Советник за правни работи и застапување.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред.

**Прва точка-Предлог-Одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар и движни ствари-опрема „Градски пазар во Општина Делчево-отворен и затворен дел“ на ЈКП „Брегалница“-Делчево;**

Образлагач по точката беше Ивана Ивановска-Советник за правни работи и застапување која рече дека со оглед на фактот дека во изминатиов период се реализирал еден од најбараните капитални проекти на граѓаните на општината-изградба на современ градски пазар по сите критериуми и стандарди за соодветно чување и продавање на храна и друга разновидна стока, на денешната седница на дневен ред е предлог-одлука со која овој инфраструктурен објект кој е од јавен интерес за граѓаните се дава на трајно користење на ЈКП Брегалница од Делчево, како јавно претпријатие чија основна дејност е комунална дејност во која покрај другите работи влегува и одржувањето на пазарите. Законски основ за донесување на оваа одлука е член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа кој пропишува дека Советот располага со имотот на општината, член 3 став 2 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево, кои јасно

пропишуваат дека Советот на Општината со одлука може истите да даде на времено или трајно користење на други државни органи и прави лица.

Понатаму, таа истакна дека согласно член 1 од оваа одлука Одлука на Јавното комунално претпријатие „Брегалница“ Делчево се даваат:

- Недвижна ствар „Градски пазар во Општина Делчево - отворен и затворен дел кој се наоѓа на улица „Индустриска“, КП бр.6561/3 КО Делчево, запишан во Имотен лист бр.10321, сопственост на општина Делчево, заради вршење на дејност. Истите се наведени во самиот член, рече таа и додаде дека станува збор за површина од 2408 м2, земјиште под згради. Со оваа одлука на ЈКП„ Брегалница“ му се даваат на трајно користење идвижни ствари-опрема (192 тезги) во вредност од 7.072.485,оо без ДДВ и дека недвижната ствар и движните ствари-опрема на Јавното комунално претпријатие „Брегалница“ Делчево се даваат на трајно користење без надоместок.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали пред изготвувањето и донесувањето на одлуката се размислувало кој е бенефитот на Општина Делчево со тоа што на ЈКП „Брегалница“ му се дава на трајно користење градскиот пазар за кој инвестицијата е на Општина Делчево која е со блокирана сметка. Дали се размислувало одреден процент од приходите кои ЈКП ќе го прибере по тој основ да бидат на Општина Делчево бидејќи досега со одлуки на Совет се дадени на трајно користење на ЈКП „Брегалница“ повеќе работи (инфраструктурни објекти, возила, опрема).

Ивана Ивановска истакна дека ЈКП „Брегалница“ е единствено комунално претпријатие во општината и негова основач е општината односно Советот. Законот дава можност со одлука на Совет да се даде на трајно користење движна или недвижна ствар во услови пропишани со законите кои претходно биле цитирани е кои се законски основ на за донесување на оваа одлука . Што се однесува до тоа одреден процент или бенефит да има општината од приходите кои ќе бидат приберени од градскиот пазар, таа рече дека приходите кои ќе се прибираат од градскиот пазар ќе бидат за неговото тековно одржување и за плата на вработните кои ќе бидат одговорни за градскиот пазар. Сите општини ги даваат со одлука на совет градските пазари на управување на трајно користење на јавните претпријатија.

Сашко Ивановски рече дека пред донесувањето на одлуката требало да се направи анализа, да се побара план од страна на ЈКП „Брегалница“ и да се објави јавен повик на кој би се пријавиле и други правни лица кои би стопанисувале со градскиот пазар. Тој рече дека неговата дискусија можеби некој ќе ја сфати како популистичка, но неговата намера не е тоа, туку само сака да укаже дека се сомнева оти ЈКП ќе може да управува /стопанисува со градскиот пазар како што треба бидејќи во својата досегашна работа има многу пропусти.

Ивана Ивановска рече дека единствено ЈКП во општината е ЈКП „Брегалница“ и општината нема избор, општината сама не може да стопанисува со градскиот пазар и законски оваа одлука е во ред, Советот е органот кој со одлука го дава на трајно користење градскиот пазар. За да се даде градскиот пазар на некое друго правно лице со јавно приватно партнерство претходно мора да се изработи физибилити студија која можеби ќе покаже дека треба да има покачување на услугите кое нешто би било на товар на граѓаните.

Сашко Ивановски рече дека со оваа одлука се дава на трајно користење еден капитален објект за кој општината ивестирала 7 милиони денари, дали ЈКП „Брегалница“ остварените приходи од градскиот пазар ќе ги користи за тековно одржување е знак прашалник. Никаде во законите кои Вие ги цитирате не стои дека градскиот пазар мора да се даде на ЈКП „Брегалница“, ниту пак е гаранција дека ако со него стопанисува „Брегалница“ нема да има покачување на услугите/цените, факт е дека во изминативе години се покачија цените на сите услуги кои ги дава тоа ЈКП. Лично сметам дека ќе дојде до покачување на услугите, а со тоа индиректно и до покачување на цените на производите што ќе се продаваат на градскиот пазар, рече С.Ивановски.

Иван Гоцевски праша зошто на седницата нема присутни од Општината и од ЈКП „Брегалница“ и рече дека е незадоволен од работењето на ЈКП „Брегалница“, како и од управувањето со Градската капела и затоа се сомнева дека ЈКП „Брегалница“ нема да се снајде во управувањето или стопанисувањето и со Градскиот пазар. Како причина за сомнежот тој ги наведе се позачестените дефекти на водоводната мрежа, за коишто главна причина е човечкиот фактор, однсно несоодветното управување со пумпите за вода.

Тој рече дека според него, директорот на ЈКП „Брегалница“ требало да биде присутен на денешната седница и да има изготвен бизнис-план за тоа како ќе управува/стопанусува со Градскиот пазар.

Кирил Тренчевски имаше реплика на Иван Гоцевски и рече дека дефектите на вода се случувале, случуваат и ќе се случуваат и во иднина, никој не може да ги предвиди и никој не сака градот да биде без вода. Кога има дефект, екипите на ЈКП „Брегалница“ се на терен и работат за што побрзо отстранување на дефектот.

Иван Гоцевски имаше контра-реплика на К.Тренчевски и рече дека неговите сомнежи и сомнежот на граѓаните за недомаќинското работење на ЈКП „Брегалница“ е оправдан од причини што многупати досега се покажало дека причина за честите дефекти и проблеми со водоснабдувањето е човечкиот фактор, односно за да не дежураат на пумпите се пушта водата под максимален притисок и доаѓа до пукање на цевки на некои критични места при што многу често за време на празници и викенди се случува цел град да нема вода. Исто така, тој рече дека образлагачот во своето образложение кажала дека согласно Законот за комунални дејнсти, Градскиот пазар треба да се даде на трајно користење ЈКП „Брегалница“ и дека доколку би било со јавно приватно партнерство можеби би дошло до покачување на цените за закуп на тезгите и рече дека според него, не значи дека и ЈКП „Брегалница“ нема да ги покачи цените за закуп на тезгиите. Има исто така во градот има муабети дека оваа одлука се носи со цел да не се изврши градскиот пазар од страна на извршителот.На крајот од дискусијта, И.Гоцевски истакна дека со носењето на оваа одлука тој како член на Советот се чувствува дека е во подредена состојба бидејќи нема доволно информации во врска со оваа одлука пред да гласа за истата.

Претседателот на Советот, Гоце Попов рече дека со оваа одлука Градскиот зелен пазар се дава на трајно користење на ЈКП „Брегалница“, а не и во негова сопственост. Сите движни и недвижни ствари се се уште сопственост на Општина Делчево, дадени се на користење и управување на ЈКП „Брегалница“.Законот дава можности Советот како основач на ЈКП со долука да дава на трајно користење но и да одзема од трајно користње исто така со одлука и тоа во никој случај не значи дека Советот и членовите на Советот се во подредена ситуација, туку напротив Советот е во надредена ситуација, Советот е неприкосновен орган,

Советот е тој што одлучува дали ќе се даде или нена трајно користење и дали да се одземе. Што се однесува до цените на услугите, тој рече ги утврдува Управниот одбор ама Советот дава или не дава согласност, има можност да интервенира и да се направи корекција

Ивана Ивановска во врска со тоа дали Градскиот пазар ќе биде извршен од страна на извршителот, рече дека објектите од јавен интерес се иземени од извршување.

Дејан Георгиевски рече дека законот за комунални дејности е јасен во делот дека со градските пазари стопанисуваат и управуваат јавните комунални претпријатија на територијата на Општината, во нашиот случај тоа е ЈКП „Брегалница“. Согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, со имотот на Општината располага Советот-односно донесува одлуки за давање на трајно користење или управување и стопанисување. На крајот тој јавно праша-што ќе добиеме ние како град/општина при изграден каптален објект ако не го дадеме на ЈКП „Брегалница“ да управува со него?

Кирил Тренечевски рече дека согласно член 4 од самата одлука користењето на недвижната ствар и движните ствари-опрема може да престане со одлука на Советот на Општина Делчево согласно закон, како и во случаи кога стварите се користат спротивно на намената и извршувањето на работите за кои се преостапени.

Иван Гоцевски рече дека некој спомнал дека со носењето на оваа одлука ќе им се олесни работата на пазарџиите и истакна дека и тие се важни, но сепак најважни се граѓаните и праша кој ќе менаџира со издавањето на тезгите?

Претседателот на Советот истакна дека со издавањето на тезгите ќе си менаџира јавното претпријатие како што е и сега.

Сашко Ивановски рече дека не треба да се брза со носењето на оваа одлука, со неа се преотстапува капитален објект во кој општината инвестирала значителна сума на пари, на седницата нема претставник од ЈКП за да објасни кои се нивните планови, што планираат и како ќе управуваат и стопанисуваат со градскиот пазар. Имајќи предвид дека ЈКП во континуитет има пропусти во работењето, кај него како советник постои оправдан сомнеж дека ЈКП има капацитет за стопанисување и управување со Градскиот пазар.

Претседателот на Советот рече дека се согласува со С.Ивановски дека требало на седницата да биде присутен директорот на ЈКП и да даде свое образложение и мислење, да ги истакне нивните планови и потенцираше дека Советот е органот кој располага со имотот на Општината и дека доколку има некои неправилности или проблеми со управувањето со Градскиот пазар може да се донесе одлука со која се одзема правото на користење, така што советниците не треба да се чувствуваат дека се во подредена сосстојба.

Иван Гоцевски во името на советничката група на ВМРО ДПМНЕ побара пауза од 5 минути за координација во врска со гласањето по оваа точка.

(Пауза 5 минути)

По паузата, бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, претседателот ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.

Едногласно, со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар и движни ствари-опрема „Градски пазар во Општина Делчево-отворен и затворен дел“ на ЈКП „Брегалница“-Делчево;

Со исцрпувањето на дневниот ред, 22.седница на Советот на Општина Делчево заврши со работа во 19:00 часот.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Гоце Попов

Записникот го водела

Снежана Трајкова